**До Фудбалска Федерација на Македонија**

**-Копија УЕФА Генерален секретар**

**-Копија УЕФА Дисциплински инспектор**

**-Копија до медијски куќи**

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**Ние,долу потпишаните претставници на фудбалските клубови на ОФС Кисела Вода,ја извстуваме фудбалската и спортска јавност за многуте прекршувања на Статутите на ФФМ и ОФС Кисела Вода,како и нерегуларностите при одржувања и свикувања на Собранија на ОФС Кисела Вода.**

Сето ова се прави со цел да надвор од прописите и на брзина се истурка ,како Собрание на ОФС Кисела Вода ,така и Собрание на ФФМ.

**ФФМ ,во соработка со неколку претставници на ОФС Кисела Вода се обиде да одржи вонредно Собрание на нашето ОФС на ден 09/12/2016 при што истото наводно донело одлуки ,меѓу кои и одлука за избор на привремен Претседател на ОФС и тоа Франговски Игор.**

Ова Собрание на ОФС е одржано во просториите на ФФМ,со ненавремено и нерегуларно доставување на поканите за истото,и според наши сознанија истото не можеше да обезбеди кворум и на истото присаствувале 2 лица за кое не е констатирано како се здобило со право да бидат делегати, а со кои Собранието добило наводен кворум за работа.

Од истото Собрание до клубовите не е доставен никаков записник или одлуки.

За истото Собрание,од непознати причини користено е обезбедувањето на ФФМ кое спречило присаство на поедини членови на ОФС,што помеѓу останатото докажува и притисок со кој ФФМ се служи за да ги спроведе своите намери.

**ФФМ ,во соработка со истите лица од ОФС Кисела Вода закажува ново,сега редовно Собрание на ОФС Кисела Вода за ден 17.01.2017 повторно во просториите на ФФМ.**

При ова направени се повеќе повреди на Статутот и нерегуларности поради кои ова **Собрание не може да биде регуларно.**

1.Испратените покани не се доставени до делегатите во со Статут предвидениот рок.

2.Испратените покани не се доставени на со Статутот предвидениот начин.

3.Не е јасно кој го свикува Собранието од причина што на поканата стои име на потпредсетал на ОФС со печат, но без потпис, а ФФМ тврди дека на претходното Собрание е избран Претседател,па ако е ,зошто тогаш тој ,согласно Статутот, не го свикува Собранието?

4.Испратените покани не содржат Дневен ред и материјали што е обврска на свикувачот на Собранието согласно член 29 од Статутот на ОФС Кисела вода.

5.Како ФФМ кој е креатор на ова Собрание предвидува да на Собрание кое ќе биде одржано на 17.01.2017 биде усвоена ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА точка Е) во член 30 од Статутот УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА?

6.Како на покана за Собрание без дневен ред ,Делегатите да го искористат правото на дополна на дневен ред ,предвидена во член 30 од Статутот на ОФС Кисела Вода?

7.Како да биден доставен предлог за избор Претседател на ОФС Кисела Вода ,ако според член 32 од Статутот на ОФС ,истиот предлог треба да биде доставен најдоцна 20 ДЕНА пред одржување на Собранието , а поканите за Собранието се доставуваат 10 ДЕНА пред одржување на Собранието?(дали делегатите треба редовно да одат на гатачка?)

8.Поради регуларност на престојно Собрание на ОФС Кисела Вода(сигурно не во овој рок) ФФМ да објасни врз база на кој член на Статутот на ФФМ е прифатена втора алинеја од член 27 на Статутот на ОФС Кисела Вода која гласи –ОД ФУДБАЛСКИ КЛУБОВИ БЕЗ СЕНИОРИ 2 ДЕЛЕГАТА.

9.Пред одржување на наредно Собрание да биде објаснето зошто на претходното Собрание не е дозволено присаство на делегат на клуб кој со учество во натпреварувачкиот систем на ОФС и ФФМ(член 28 од Сатутот) АВТОМАТСКИ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО НА ДЕЛЕГАТ.

Само од горе наведените констатации и прашања следи заклучок дека Претседателот на ФФМ во содејство со неколку приврзаника од ОФС се обидува , да организира нерегуларно Собрание на ОФС Кисела Вода(и другиОФС) со цел да обезбеди послушна

структура во ОФ Сојузи во државата , поради продолжување на сопствениот мандат и контрола и продолжување на постоечката диктатура во ФФМ.

Притисокот се надополнува и со наложеното место за одржување во просториите на ФФМ на Собранијата на сите ОФС од Скопје , при што се користи и обезбедувањето на ФФМ.

Според наши сознанија,поради наведената причина,а на истиот начин , низ целата држава се одржуваат нерегуларни Собранија на ОФ Сојузи.

**Собрание без дневен ред,без доставени материјали,без приложена завршна сметка,без доставени предлози и листи никако не може да биде регуларно.**

**Поради сето наведено ,односно поради фактот да Собрание кое под вакви услови би се одржало на 17.Јануари 2017 година е НЕРЕГУЛАРНО, ние нема да учествуваме на истото.**

**Долу потпишаните претставници на клубовите на ОФС Кисела Вода се спремни да учествуваат на секое Собрание на ОФС-то кое ќе биде закажано и организирано согласно важечкиот Статут на ОФС Кисела Вода.**

**За предното,освен спортската јавност ја известуваме и УЕФА.**

Скопје 16,/01/2017

Прилог Список сопечат и потпис на овластени претставници на клубови од ОФС Кисела Вода.

Од: "Filip Popovski" <filip.popovski@ffm.com.mk>
Датум: 01.2.2017 10:32
Наслов: Информација
До: "vladoeuromilk@yahoo.com" <vladoeuromilk@yahoo.com>
Цц: "slavija19@t-home.mk" <slavija19@t-home.mk>, "fkpobeda2012@yahoo.com" <fkpobeda2012@yahoo.com>, "fctitan2010@yahoo.com" <fctitan2010@yahoo.com>, "cementarnica_55@yahoo.com" <cementarnica_55@yahoo.com>, "coolzdravje@gmail.com" <coolzdravje@gmail.com>, "fk.dracevo@yahoo.com" <fk.dracevo@yahoo.com>, "fkslavijaprzino2013@yahoo.com" <fkslavijaprzino2013@yahoo.com>

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис со барање за поништување на Собранието на ОФС Кисела Вода, примен во ФФМ на ден 30.01.2017 година под деловоден број 0302-243/1, во кое истакнувате дека во врска со овие Собранија се направени прекршување, Ве молиме во рок од 24 часа, преку архивата на ФФМ да доставите документација во прилог на Вашите тврдења.

Ве молиме за итност во постапувањето.

Со почит,

Filip Popovski
General Secretary

FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA
Bul.ASNOM bb, MK - 1000 Skopje
Tel: +389 2 3204 470
Fax: +389 2 3165 448
www.ffm.mk
www.fanshop.ffm.mk

До ФФМ

-Генерален секретар Филип Поповски

Копија-УЕФА кабинет на генерален секретар

Предмет  одговор на барање

Скопје 02.02.2017

Почитуван господине Поповски

Благодариме на брзата реакција и залагањето за итно решавање на од наша страна посочениот проблем.

Како што знаете ни еден клуб од наведените нема добиено било каков материјал од Собранијата кои ОФС Кисела вода ги има нерегуларно закажано и одржано.

Материјалите кои докажуваат нерегуларност можеби ги немаме,а можеби и ги имаме и

ефикасно ќе ги употребиме тогаш кога ние ќе најдеме за сходно и пред институции кои се надлежни за санкционирање на ваквото делување.

Истите и ќе бидат јавно објавени,но и испратени до УЕФА.

Ова особено поради фактот што некој во ОФСто има навика да преправа материјали како што дополнително тоа е сторено со **ДЕЛ** од поканите(**другиот дел** не можеа да го преправат бидејќи веќе се наоѓаа кај нас) за нелегално закажаното собрание кое се одржа на 17.01.2017.

Бидејќи вие сигурно ги имате и информациите и доказите,бараме веднаш да биде поништено Собранието одржано на 09.12.2016.

Предупредуваме и на евентуална  кривична одговорниост и злоупотреба на службената положба на оние кои организираат и верифицираат дефинитивно, апсолутно нерегуларно собрание.

Од вас бараме да ги повикате и соочите лицата Драган Блажовски,Игор Франговски и членовите на верификационата комисија кои ќе ви ги изнесат доказите.(иако тие ви се веќе познати).

Ве молиме за стореното да не информирате во наредните 24 часа.

Спортски поздрав

Клубови на ОФС Кисела вода